

# АНАЛИЗА ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА КРИЗНАТА СОСТОЈБА ВРЗ КАПАЦИТЕТИТЕ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
## 2015-2018 година

**Зоран Дранговски**



Konrad Adenauer Stiftung

ATINA

UDRUŽENJE GRAĐANA ZA BORBU PROTIV TRGOVINE LJUDIMA I SVIH OBLIKA RODNO ZASNOVANOG NASILJA

Македонско здружение на млади правници

# АНАЛИЗА ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА КРИЗНАТА СОСТОЈБА ВРЗ КАПАЦИТЕТИТЕ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА 2015-2018 година

Зоран Дранговски

Konrad Adenauer Stiftung

ATINA UDRUŽENJE GRAĐANA ZA BORBU PROTIV TRGOVINE LJUDIMA I SVIH OBLIKA RODNO ZASNOVANOG NASILJA

Македонско здружение на млади правници

Октомври 2018 година

# СОДРЖИНА


**ВОВЕД** ........ 7

**ХРОНОЛОГИЈА НА НАСТАНИТЕ** ........ 9

- **Ситуацијата на теренот – Општина Гевгелија/Транзитен центар Винојуг** ........ 10
- **Прогласување на кризна состојба** ........ 12

**Цел на анализата** ........ 14

- **Методолошки пристап** ........ 14
- **Обврски на општината согласно Законот за управување со кризи** ........ 14

**Институции кои се или би можеле да бидат опфатени со кризната состојба согласно Законот за управување со кризи** ........ 16

  - А) Државна управа и органи на државната власт ........ 16
  - Б) Јавни претпријатија ........ 17
  - В) Јавни установи ........ 17
  - Г) Служби ........ 17
  - Д) Трговски друштва ........ 17

**Мапирање на капацитетите во општина Гевгелија** ........ 19

- **Образование** ........ 21
- **Вработување** ........ 22
- **Здравство** ........ 22
- **Финансии во Општина Гевгелија** ........ 23
- **Министерство за правда (Управа за водење матични книги/Подрачна канцеларија Гевгелија)** ........ 23
- **Јавни претпријатија** ........ 23
- **Јавни установи** ........ 24
  - ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Гевгелија ........ 24
  - ЈЗУ Здравен дом Гевгелија ........ 25

**Заклучоци** ........ 26



# ВОВЕД

Владата на Република Македонија, на седница на 19 август 2015 година, донесе одлука за прогласување кризна состојба во регионот на јужната и северната државна граница поради зголемениот наплив на мигранти, со што во согласност со правните прописи се отвори и можност за соодветен ангажман и на Армијата на Република Македонија. Кризната состојба согласно последната одлука на Собранието на Република Македонија е продолжена до 31 декември 2018 година и со оваа последна одлука на територијата на Општина Гевгелија повеќе од три години постои кризна состојба и нема најави или информации до кога ќе продолжи да трае.

# ХРОНОЛОГИЈА НА НАСТАНИТЕ

Во 2015 година системот за азил и миграции во Република Македонија, како и политиките не соодветствуваа на ситуацијата на теренот, односно не постоеја механизми што би им овозможиле на лицата легално да транзитираат низ РМ, што доведе до ситуација, во периодот од ноември 2014 до мај 2015 година, 27 лица странски државјани, кои оствариле нерегуларен влез, да ги загубат своите животи во одделни несреќни случаи. Најсериозната несреќа се случи на 23 април 2015 година во близина на Велес, кога 14 лица беа прегазени од воз.[1]

Зачестеноста на несреќите, бројот на настрадани лица, како и долгиот временски период во кој се случуваа овие несреќи укажуваат на неможноста на државата да го заштити правото на живот на лицата кои транзитираат низ државата, дури и да станува збор за лица кои нерегуларно влегле на територијата на Македонија. Неоспорен е фактот дека со постапувањето спротивно на правото и на Конвенцијата за бегалци, државата се соочи со досега незабележан број организирани напади и шверц на мигранти и бегалци.

Имајќи ги предвид сериозноста на ситуацијата, како и огромниот притисок од домашните и странските граѓански организации, од некои медиуми, како и од граѓани на Република Македонија кои секојдневно гледаа реки луѓе како се движат низ државата, на 18 јуни 2015 година се донесоа измени на Законот за азил и привремена заштита со кои се обезбеди можност странски државјани да поднесат намера за признавање право на азил, по која имаат рок од 72 часа да поднесат барање за признавање право на азил и да почнат постапка во Македонија или да ја напуштат нејзината територија. Ова правно решение ја олесни ситуацијата и го намали притисокот, а во исто време, МВР почна со водење евиденција, како и статистика за лицата кои транзитираат.

[1] https://www.theguardian.com/world/2015/apr/24/several-migrants-hit-by-train-killed-central-macedonia.



## Ситуацијата на теренот – Општина Гевгелија/Транзитен центар Винојуг

Со прогласувањето кризна состојба, во Република Македонија се формираа два транзитни центра, Транзитен центар Винојуг на јужната граница со Република Грција и Транзитен центар Табановце на северната граница со Република Србија.[2]

На 22 август 2015 година, по два дена тензии и повремени судири меѓу специјалните единици на полицијата и бегалците на граничната линија, границата повторно беше отворена и бегалците повторно можеа да транзитираат. Со прогласувањето кризна состојба се формираше нов

[2] Центар за управување со кризи, прогласена кризна состојба http://www.cuk.gov.mk/images/mesecni_bilteni/2015-mesecni-bilteni/8-Avgust-2015-bilten-CUK%20/8-AVGUST-BILTEN-CUK-8.pdf.

центар за регистрација во обласа Винојуг во близина на граничната линија.

Транзитниот центар Винојуг набрзо беше функционален и на големиот број бегалци им обезбедуваше основни санитарни услови и услови за краток престој. Процесот на регистрација беше значително подобрен и правниците од Македонското здружение на млади правници заедно со полицијата успеваа без подолготрајни задржување да ги регистрираат сите новопристигнати бегалци.

Во октомври 2015 година, Центарот Винојуг значително ги подобри условите за престој, а беа ставени во функција и голем број сервисни услуги, како: информативен центар, центар за правна помош, центар за медицинска заштита, посебни делови за деца и посебни делови за семејства и ранливи категории лица. Со ставањето во функција на тоалетите и тушевите, значително се подобри квалитетот на престојот.

На седми март 2016 година, Република Србија, следејќи ги другите земји од Рутата, официјално ја затвори границата за сите лица кои пристигнуваат на нејзината територија, без разлика на нивната земја на потекло, по што Република Македонија ги примени истите мерки и на границата со Република Грција. Ова резултираше со масовно зголемување на бројот на лица кои секојдневно пристигнуваа во кампoвите во Идомени, Грција, надевајќи се дека границите ќе се отворат и дека ќе можат да стигнат до нивните крајни дестинации.[3]

Во средината на март 2016 година, повеќе од 15.000 лица секојдневно протестираа на границата помеѓу Македонија и Грција, обидувајќи се насилно да ја пробијат оградата и да преминат на македонска територија. На 14 март 2016 година повеќе од 1.500 лица успеаја организирано да ја пробијат оградата и да влезат на територијата на Македонија во близина на селото Моин, при што три лица со потекло од Авганистан ги изгубија нивните животи, давејќи се во реката при преминувањето на границата. Со итна акција на полицијата и војската, овие лица беа запрени и организирано вратени назад на територијата на Грција. Овој случај на присилно враќање на повеќе од 1.500 лица е најголем досега во Република Македонија.[4]

Од затворањето на коридорот во март 2016 година, па сѐ до денес полицијата секојдневно открива и спречува обиди за нерегуларен влез на лица на територија на Општина Гевгелија и јужната граница со Република Грција. Прифатно-транзитниот центар Винојуг сѐ уште е во функција.

[3] http://telma.com.mk/vesti/makedonija-cheka-nasoki-od-eu-za-migrantite.

[4] http://meta.mk/en/hundreds-of-refugees-from-greece-have-entered-the-village-of-moin-arm-and-the-moi-are-on-standby/.




## Прогласување на кризна состојба

Кризна состојба се прогласува заради справување со кризна состојба што претставува ризик по добрата, здравјето и животите на луѓето и животните или опасност по безбедноста на Републиката или на нејзин дел. Сериозноста на ризикот треба да биде од таква природа на зафатеност на подрачјето или добрата, здравјето и животите на луѓето и животните или опасност по безбедноста на Републиката или на дел од неа, за која не постојат услови за прогласување на воена или вонредна состојба.[5]

Владата донесува одлука за постоење на кризна состојба, го определува

[5] Закон за управување со кризи „Службен весник на Република Македонија“, бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18.

подрачјето зафатено со кризна состојба и соодветно на тоа ги активира

механизмите за разрешување на кризната состојба. За донесената одлука Владата веднаш го известува Собранието и претседателот на Република Македонија.[6]

Владата на Република Македонија на седницата одржана на 19 август 2015 година донесе одлука за прогласување на кризна состојба во регионот на јужната и на северната државна граница поради зголемениот наплив на мигранти, со што согласно правните прописи се отвора можност за соодветен ангажман и на АРМ.

Според Владата заради зголемениот притисок на јужната граница и сè поголемиот интензитет на транзит преку т.н. балкански мигрантски коридор, но и состојбата во глобални рамки, беше проценето дека е неопходна дополнителна зголемена и поефикасна контрола на граничниот појас каде што се регистрирани масовни илегални преминувања од грчка страна.

*Свесни сме дека зголемената контрола на нашата јужна граница не претставува конечно решение на проблемот и затоа очекуваме дека наскоро ќе биде утврден единствен хуман одговор од страна на Европската унија, што ќе ги опфати сите земји што се најзасегнати од мигрантската криза и солидарно ќе го сподели товарот на соочувањето со предизвикот.*[7]



[6] Закон за управување со кризи „Службен весник на Република Македонија“, бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18.

[7] http://vlada.mk/node/10918.

# Цел на анализата

Анализата е подготвена врз основа на преглед на постојни материјали, интервјуа и теренски практики што го анализираат влијанието на кризната состојба врз Општина Гевгелија и главните предизвици со кои се соочуваат институциите. Можен исход од истражувањето е да обезбеди заклучоци и препораки во поглед на иднината кризна состојба на јужната граница на Република Македонија, притоа укажувајќи на статистички информации и добри практики во справувањето со постојните пречки на локално и на национално ниво.

Истражувачко прашање: **Какво е влијанието на кризната состојба во периодот 2015-2018 на капацитетите на Општина Гевгелија?**

## Методолошки пристап

Во истражувањето се комбинираат квалитативни и квантитативни методи на собирање и анализа на податоците. Избраниот методолошки пристап ќе обезбеди сигурност и валидност на податоците: преглед на литература, правни текстови, релевантни национални стратегии, полуструктурирани интервјуа и информации добиени согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.



## Обврски на општината согласно Законот за управување со кризи

Општината во рамките на своите надлежности утврдени со закон има обврска за свои потреби, заради ефикасна превенција и рано предупредување од потенцијална кризна состојба, да врши процена на ризиците и опасностите на локално ниво, да ги утврдува потребите и да ги планира ресурсите. [8]

Во справувањето со кризи, општината ги врши и следниве работи: – ги следи состојбите и дејствата и појавите што можат да доведат до настанување на криза на подрачјето на општината; – донесува процена на загрозеноста од ризици и опасности за настанување на кризна состојба на подрачјето на општината; – донесува програма за ревитализација на општината по елиминирањето на кризата; – ги спроведува одлуките на Владата во врска со управување со криза на подрачјето на општината и – одлучува за висината на средствата за управување со кризи од буџетот на општината.[9]

Во справувањето со криза градоначалникот на општината обезбедува координација на учесниците во системот за управување со кризи на локално ниво.[10]

Општината има обврска, во своите акти за организација и систематизација, да утврди работни места за подготвување и извршување на работни задачи во врска со превенција и справување со кризна состојба.[11]

Општината има обврска да учествуваат во обука, вежбовни и други активности за превенција и справување со кризна состојба.[12]

Општината во рамките на нејзините надлежности утврдени со закон е должна да ги спроведува препораките и другите мерки и активности на Управувачкиот комитет, донесени во согласност со овој закон. [13]

---

[8] Член 5 став 1 од Закон за управување со кризи „Службен весник на Република Македонија“, бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18

[9] Член 5 став 2 од Закон за управување со кризи „Службен весник на Република Македонија“, бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18

[10] Член 5 став 4 од Закон за управување со кризи „Службен весник на Република Македонија“, бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18

[11] Член9 од Закон за управување со кризи „Службен весник на Република Македонија“, бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18

[12] Член 10 од Закон за управување со кризи „Службен весник на Република Македонија“, бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18

[13] Член 16 од Закон за управување со кризи „Службен весник на Република Македонија“, бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18

# Институции кои се или би можеле да бидат опфатени со кризната состојба согласно Законот за управување со кризи

Системот за управување со кризи го остваруваат органите на државната управа и органите на државната власт (Собрание, претседател и Влада), вооружените сили како Армијата на Република Македонија (во понатамошниот текст: Армијата), силите за заштита и спасување и органите на општините и на градот Скопје (во понатамошниот текст: општините и градот Скопје).[14]

Јавните претпријатија, јавните установи и служби и трговските друштва можат да учествуваат во превенција, рано предупредување и справување со кризи во согласност со овој закон.[15]

Граѓаните, здруженијата на граѓаните и Црвениот крст на Република Македонија, невладините и хуманитарните организации, средствата за јавно информирање и другите правни лица кои не се опфатени со ставовите 1 и 2 на овој член, можат да учествуваат во превенција, рано предупредување и справувањето со кризи, доброволно и договорно, врз основа на закон и ратификуваните меѓународни договори што ја уредуваат оваа материја. [16]

## А) Државна управа и органи на државната власт

– Собрание на РМ
– Претседател на РМ
– Влада на РМ
– АРМ
– МВР
– МТСП
– ЦУК
– Министерство за правда (Управа за водење матични книги/Подрачна канцеларија Гевгелија)
– Општина Гевгелија

[14] Член 2 став 1 Закон за управување со кризи „Службен весник на Република Македонија", бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18

[15] Член 2 став 2 од Закон за управување со кризи „Службен весник на Република Македонија", бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18

[16] Член 2 став 3 од Закон за управување со кризи „Службен весник на Република Македонија", бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18

## Б) Јавни претпријатија

– ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија (дејности: снабдување вода за пиење; изнесување, транспортирање, депонирање на безопасен отпад; одржување јавна чистота)
– ЈП „Македонијапат“ (асфалтирање на помали делници и крпење на ударни дупки)

## В) Јавни установи

– ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Гевгелија
– ЈЗУ Здравен дом Гевгелија (брза помош)
– ЈЗУ Општа болница Гевгелија (сместени пациенти за лекување и породувања)
– ЈЗУ Психијатриска болница Негорци

## Г) Служби

– Општински противпожарен сојуз Гевгелија

## Д) Трговски друштва

– ЕВН Македонија АД, Скопје
– Македонски железници транспорт АД, Скопје



# Мапирање на капацитетите во општина Гевгелија

Општина Гевгелија зафаќа 485 км$^2$ со населеност на 47 лица на 1 км$^2$. Вкупно има 22.988 жители од кои 97% се од македонска национална припадност. Подрачјето на општината е утврдено со закон и го сочинуваат катастарските општини на населените места: градот Гевгелија и населените места и села: Богородица, Габрово, Давидово, Кованци, Конско, Милетково, Миравци, Моин, Мрзенци, Негорци, Ново Конско, Петрово, Прдејци, Серменин, Смоквица и Хума.

Важен податок кој општината го сподели е дека согласно нивните податоци до сега немало бегалци кои престојуваат на територијата на општината. Со ова се мисли дека немало лица со признаен статус на бегалец на кои им биле издадени потврди за престојувалиште/живеалиште на територијата на општината.

Основен документ со кој е уредено остварувањето на социјална заштита во РМ е Законот за социјална заштита, согласно кој закон општината обезбедува спроведување на социјалната заштита. Советот на општина Гевгелија ја носи програмата за социјална заштита за потребите на граѓаните на општина Гевгелија. На подрачјето на општина Гевгелија функционираат следните институции од областа на социјална заштита:

- Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија (општина Гевгелија, Богданци и Дојран) – МТСП
- Центар за ментално здравје Гевгелија –МЗЗ
- Дневен Центар за деца со посебни потреби – МТСП
- Центар за превенција и третман од зависности од дрога – МЗЗ и МТСП

**Улогата на градот во вонредната состојба (emergency response). Пристигнување, првично прифаќање и сместување на бегалци- преглед на моменталната ситуација (2016/2017)**

За потребите на оваа анализа беа спроведени серија состаноци со лица од Општина Гевгелија и нивните наоди се пренесени интегрално:

Улогата на Општина Гевгелија за време на бегалската криза беше од особена важност, важно е да земат предвид надлежностите како и други аспекти од типот на безбедност, ангажираност на локалната заедница и услуги и активности на локалната самоуправа наменети за домашната популација од кои корист може да имаат бегалците. Пред сѐ од интерес беше дали општината била запознаена со импликациите од измената на Законот за азил и привремена заштита во 2015, согласно кои застапеноста односно пристигнувањето, регистрацијата и транзитот на бегалци во пограничната зона би се одвивал во рамките на општина Гевгелија. Согласно добиените информации општината не била ниту информирана ниту консултирана со цел соодветно да се подготви за одговор при потенцијален наплив на бегалци и мигранти.

Со измената на законот во 2015 година секојдневно се зголемува бројот на бегалци кои пристигнуваат на Железничката станица во Гевгелија, каде истите чекаат да бидат регистрирани од страна на полициските службеници и да се качат на воз со цел да го продолжат своето патување кон северната граница на Р.М со Србија. Товарот на сите случувања во периодот од 18 јуни 2015 па се до крајот на август 2015 бил на самата општината. Таа пред се ја зголемила ангажираноста на ЈП Комунална хигиена со цел да ги одржува хигиенските услови во и околу железничката станица. Исто така со одлука на општината било одлучено дека локација на која ќе се врши прифат, регистрација и привремено сместување на бегалци ќе биде Винојуг. Со цел да се овозможи пристап до таа локација општината го финансирала санирањето на мостот на Сува река како и патот до Винојуг.

За да одговори на високата побарувачка на превозници општина Гевгелија, заедно со локалните авто-школи организирале средби со цел да се оформат дополнителни обуки, комисии и тестирања за да се овозможи зголемување на бројот на лиценцирани такси превозници кои беа користени од страна на бегалците при транспорт до северната граница на РМ со Србија. Со тоа се зголемил бројот на такси превозници од постоечките 70, за повеќе од 450, сите граѓани на локалната заедница.

По прогласувањето на кризната состојба одговорноста и одлучувањето преминува на државно ниво т.е. на Центарот за управување со кризи па поради тоа немало потреба да се активира општинскиот кризен штаб. Меѓутоа со цел добра соработка и брзо решавање на сите проблеми градоначалникот на општина Гевгелија бил во постојана комуникација со раководителот на Регионалниот центар за управување со кризи – Гевгелија.

Во *Националната програма за јавно здравје за 2016* може да се најде информацијата дека финансиски средства од ставката за вонредни состојби ќе се финансира справувувањето со зголемениот прилив на мигранти во Република Македонија согласно заклучоците на Главниот штаб на Центарот за управување со кризи за спречување на појава на заразни заболувања и епидемии. Ова оди во прилог со прибавените информации во врска здравствената заштита на беглаците и мигрантите присутни во регионот, односно дека локалната самоуправа, односно здравствените установи во истата само спроведувале одлуки и насоки од Министерството за здравство и Управувачкиот комитет за справување со кризи.

Болницата и Здравствениот дом во Гевгелија се задолжени за координирање на обезбедувањето лекови и медицински материјали за амбулантата во транзитниот центар и се одговорни за чистењето на просториите. Обезбедена е посебна соба за складирање на лековите. Дополнително, во болницата во Гевгелија за време на кризата функционирал посебен оддел за прием и третман на бегалците. Центрите за јавно здравје во Гевгелија обезбедувале јавно-здравствен надзор, хигиена и епидемиолошка контрола, вклучувајќи дезинфекција на транзитните центри, редовна контрола на водата за пиење и регистрирање на болести.

Дополнително биле организирани состаноци со претставници на Министерството за здравство, здравствените домови, центрите за јавно здравје, болниците во Куманово и

Гевгелија, организациите на Обединетите нации, НВО-ата и центрите за управување со кризи со цел да се одредат здравствените потреби на бегалците и мигрантите и да се понуди помош при решавање на проблемите.[17]

Што се однесува до безбедноста во градот и мислењата на граѓаните поврзани со бегалците, кои првите месеци од кризата можеа да се сретнат не само во близината на железничката туку низ целиот град, претставникот на општината посочи дека генерално немало поплаки од жителите на општина Гевгелија и голем дел од населението било ангажирано во неколку хуманитарни акции, со цел прибирање на храна и облега за беглаците. Дополнително и локалните вработени во ЈП Комунална хигиена и помагале и вон должностите при одржување на хигиената на и околу железничката станица. По почетокот на кризата, посебно по формирањето на ПТЦ Винојуг било зголемено присуството на униформирани лица, полицајци и војска, со цел да се осигури одржувањето на јавниот ред и мир и да се избегнат било какви инциденти. Ова не придонело да се прошири страв кај локалното население туку влеало доверба дека нивната безбедност се одржува на високо ниво.

## Образование

Општина Гевгелија има една јавна образовна детска градинка "Детска Радост" која има шест објекти на територијата на општина Гевгелија - три градинки во градот и по една во селата Негорци, Миравци и Богородица, со вкупен капацитет од 670 деца. Во последните 4 години биле запишани од 630 до 680 деца (2014 - 630 деца, 2015 - 645 деца, 2016 - 665 деца, 2017 - 680 деца), искористувајќи го максималниот капацитет на градинката. Досега не биле регистрирани деца-бегалци во ниту еден од шестте објекти. Освен тоа, образовните активности можат да се изведуваат само на македонски или на албански јазик.

Општина Гевгелија има четири основни училишта (две во градот Гевгелија, една во село Негорци и една во селото Миравци) и едно средно училиште. Вкупниот капацитет на училиштата е многу поголем од бројот на запишани деца, така што ако има потреба децата бегалци да одат на училиште, општината ќе биде во состојба да го стори тоа. До сега немало регистрирани ученици бегалци запишани во образовни активности. Училиштата не се во состојба да спроведуваат настава по странски јазик. Според податоците добиени од општина Гевгелија, основните училишта и средното општинско училиште немаат дополнителен просторен капацитет за настава на странски јазик, бидејќи се соочуваат со недостаток на училници за нормално спроведување на наставата. Не се добиени информации од аспект на тоа дали покрај просторните ограничувања, ќе има и ограничувања на јазикот на кој ќе се спроведува наставата.

Во изминатите години беа организирани разни курсеви за занаетчиство и професионален развој во Јавната општинска институција (Работнички Универзитет) "Кирил и Методиј". Намалениот број на курсеви кои се нудат во изминатите години е

[17] http://studiorum.org.mk/evrodijalog/20/pdf/MKD/05-MAK_Oncheva_Spasenovska.pdf

евидентен, бидејќи во 2014 година имало вкупно девет, а во 2017 година само два курсеви. Ова се должи на фактот дека локалното население немало потреба од толкав број курсеви (курсевите се организирани според потребите на населението). Досега не биле организирани курсеви за запознавање со културниот и општествениот живот во Македонија, историјата и политичкиот систем, бидејќи на територијата немало бегалци кои бараа ваков курс.

## Вработување

Од податоците добиени од Агенцијата за вработување на РМ - подрачно одделение во Гевгелија, на територијата на општина Гевгелија (град Гевгелија и населените места) се регистрирани вкупно 600 активни баратели на работа. Со оглед на тоа дека во општина Гевгелија им регистрирано околу 19,500 полнолетни жители, тогаш стапката на невработеност се движи од 4-5 %.

Со волку ниска стапка на невработеност може да се каже дека доколку се појави потреба од вработување на бегалци не би било тешко општината да го спроведе вработувањето, бидејќи како општина во која е развиено земјоделието може да се најде работа за која не е потребно познавање на македонскиот јазик. Меѓутоа за креирање на програми за вработување на бегалци е надлежно МТСП кое до сега не направило една за општина Гевгелија.

## Здравство

На територијата на општина Гевгелија постојат 4 здравствени институции и тоа 2 од примарна и 2 од секундарна здравствена заштита: ЈЗУ Здравствен дом – Гевгелија (Примарна здравствена заштита), ЈЗУ Општа Болница – Гевгелија (Секундарна здравствена заштита), ЈЗУ Психијатриска болница – Негорци (Секундарна здравствена заштита), Центар за јавно здравје - (Примарна здравствена заштита).
Во однос на социјалната заштита во општина Гевгелија има константен буџет од 2.355.000,00 денари годишно од 2014 до 2017 година. Употребата на средствата се спроведува согласно потребите на локалното население. Бидејќи до сега не бие регистрирани бегалци кои биле со живеалиште на општината, истата до сега немала одвоено парични средства од буџетот за потребите на бегалци.

## Финансии во Општина Гевгелија

Буџетот на Општина Гевгелија за периодот 2015-2018 година бележи нагорен тренд кој што највеќе е резултат на зголемувањето на даночните и капиталните приходи.

| година | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|
| Вкупни приходи | 588.883.664 | 733.066.292 | 778.526.109 | 888.847.141 |
| Даночни приходи | 109.835.000 | 126.807.000 | 127.466.000 | 154.500.000 |
| Неданочни приходи | 18.156.000 | 21.917.100 | 26.308.000 | 22.969.500 |
| Капитални приходи | 201.734.966 | 302.947.368 | 351.869.700 | 378.806.033 |
| Приходи од дотации | 183.378.292 | 193.992.247 | 199.799.409 | 218.293.285 |
| Трансфери | 34.400.034 | 39.301.332 | 46.340.000 | 70.000.000 |
| Приходи од донации | 41.378.352 | 48.101.245 | 26.743.000 | 44.278.323 |

## Министерство за правда (Управа за водење матични книги/Подрачна канцеларија Гевгелија)

Согласно информациите добиени од страна на Управа за водење матични книги на Подрачната канцеларија Гевгелија и Подрачната канцеларија Богданци во периодот од 2015 до Октомври 2018та година три починати лица се запишани матичната книга на умрените.

## Јавни претпријатија

ЈПКД „Комуналец" Гевгелија
Согласно инфомрациите добиени од страна на ЈПКД Комуналец Гевгелија, Јавното претпријатие има соодветен ангажман при спроведувањето на активностите кои се одесуваат на наплата на надоместок за влез во простор за паркирање и прифаќање патници-мигранти.

Во периодот додека постоеше организиран превоз на лица од Гевгелија до северната граница со Република Србија, се вршеше наплата на надоместокот за влез во простор за паркирање и прифаќање патници-мигранти определена од Советот на Општина Гевгелија. Работата беше организирана во 24-часовни дежурства, со определени смени на вработени во ЈПКД „Комуналец" Гевгелија и вработени во Општина Гевгелија.

Евидентирањето на превозниците – такси-возила и автобуси, се вршеше редовно при тргнување од определениот паркинг-простор, а евиденцијата на податоците за превозниците редовно беше доставувана до Центарот за управување со кризи согласно нивните барања.

Наплатените средства во вкупен износ од 383.850,00 денари беа распределени согласно одлуката на Советот на Општина Гевгелија и за нив се води посебна евиденција. За неплаќачите на надоместокот ќе бидат преземани мерки за присилна наплата, по изготвените и доставени фактури.[18]

ЈПКД „Комуналец" Гевгелија во своите акти за систематизација и внатрешна организација, нема утврдено работни места за подготвување и извршување работни задачи во врска со превенција и справување со мигрантската криза.[19]

ЈПКД „Комуналец" Гевгелија има учествувано во обука на универзална единица за заштита и спасување, во текот на ноември 2016 година. Врз основа на тоа составени се тимови од вработените за:

- заштита и спасување од пожари;
- заштита и спасување од урнатини;
- извршување евакуација и
- укажување прва медицинска помош.

Во текот на кризата (2015-2018), не беа употребени ресурси на ЈПКД „Комуналец" Гевгелија на барање на Владата на РМ меѓутоа ЈПКД „Комуналец" Гевгелија во текот на кризата (2015-2018) ги извршуваше своите редовни дејности во зголемен обем.

ЈПКД „Комуналец" Гевгелија нема предвидено посебен буџет за работа во кризна состојба за 2015, 2016, 2017 и 2018 година[20]

## Јавни установи

### ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Гевгелија

ЈУ МЦСР Гевгелија во своите акти за организација и систематизација нема утврдени работни места за подготвување и извшување на работни задачи во врска со превенција и справување со мигрантска криза.

---

[18] Годишен извештај на ЈПКД Комуналец Гевгелија

[19] Информации добиени преку слободен пристап до информации

[20] Информации добиени преку слободен пристап до информации

Вработени од инситуцијата имаат учествувано на два вида обуки за запознавање со стандардните оперативни процедури за постапување со ранливи категории лица странци и малолетни непридружувани деца странци.

Во текот на мигрантската криза (2015-2018) ЈУ МЦСР Гевгелија како орган за старателство постапуваше при заштита на правата и интересите на непридужувани малолетни деца – странци затекнати без присдружба во Транзитниот центар Винојуг Гевгелија. При тоа постапување се користеше човечки ресурски возило материјали, алатки за комуникација и сл. За ова не е исплатен надоместок.

ЈУ МЦСР Гевгелија нема предвидено буџет за работа во кризна состојба за посочените години. [21]

## ЈЗУ Здравен дом Гевгелија

Правните субјекти ЈЗУ Општа болница Гевгелија и ЈЗУ Здравствен дом Гевгелија со Одлука на Влада на Република Македонија се споени во нов правен субјект ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Гевгелија кој е правен наследник на двата претходно наведени субјекти.

Во моментов ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Гевгелија нема нова систематизација но по назначувањето на Управен одбор и изготвувањето на Статутот следна постапка е донесување на Правилник за систематизација на работни места.

ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Гевгелија, има учествувано на поголем број обуки, вежбовни и други активности за превенција и справување со кризна состојба и тоа:

- Обука за управување со медицински апарати донирани во транспортниот центар
- Обука за сексуално и репродуктивно здравје во кризи и кризни состојби
- Тренинг за мониторинг активности
- Обука за застапување и лобирање

Во однос на ресурси користен е персонал за потребите на мигрантскиот пункт, лекари, медицински сестри, хигиеничарки, возила на Итна медицинска помош за кои не е исплатен посебен надоместок освен тој што им е во редовните примања.

Не е предвиден дополнителен буџет за работа во кризна состојба.

[21] Информација добиена согласно слободен пристап до информации

# Заклучоци

Прогласувањето на кризната состојба на територија Гевгелија во 2015 година како и продолжувањето на истата до 31.12.2018 година нема поголемо влијание на капацитетите на Општина Гевгелија.

Буџетот на Општина Гевгелија бележи нагорен тренд кој што највеќе е резултат на зголемувањето на даночните и капиталните приходи и не е директен резултат на кризната состојба и влијанијата од истата.

Јавните претпријатија немат предвидено посебен буџет за работа во кризна состојба за периодот 2015 - 2018 година

Поголемиот број на институции не предвиделе посебни работни места согласно систематизацијата за подготвување и извршување на работни задачи во врска со превенција и справување со кризна состојба. При тоа постапување се користеле постоечките човечки ресурски, возила, материјали, алатки за комуникација и сл.

За ангажираниот персонал за потребите на прифатниот центар, од редовите на Јавните Установи како и здравствените институции не е исплатен посебен надоместок освен тој што им е во редовните примања.

Министерствата и другите органи на управата, јавните претпријатија, како и трговските друштва што се од посебно значење за работа во кризна состојба и општините учествувале во обуки, вежбовни и други активности за превенција и справување со кризна состојба.



Скопје, октомври 2018 година